TIKVEŠ

Since 1885

Веруваме дека луѓето се клучен фактор за врвни достигнувања и за успехот на една компанија. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, производство, развој и унапредување на човечките ресурси.

Денес винарската визба „Тиквеш" ја создава приказната за македонското вино во светот, прераснувајќи во клучен двигател на македонската индустрија за вино. Со цел да ја продолжиме оваа мисија, потребни ни се луѓе кои ја делат нашата посветеност и страст.

- Доколку сакате да придонесете за понатамошниот развој на еден од најиновативните и најперспективните вински брендови
- Доколку не можете да одолеете на приказната за виното и подготвени сте да бидете дел од една од највозбудливите индустрии за пијалаци
- Доколку сакате својот понатамошен професионален развој да го градите во динамична средина, исполнета со интересни предизвици

... придружете се на нашиот тим и аплицирајте за отворената работна позиција:

**БРЕНД МЕНАЏЕР**

**Потребни квалификации:**

- Високо образование
- Претходно работно искуство во областа
- Одлично познавање на англиски јазик
- Одлично познавање на Microsoft Office
- Возачка дозвола Б категорија

**Профил на кандидатот:**

- Фокусираност кон резултати
- Професионалност и деловна култура
- Самоиницијативност и флексибилност, способност за тимско и индивидуално работење
- Поседување на амбиција и желба за усовршување на личните знаења и вештини
- Организираност и посветеност на детали

**Клучни одговорности:**

- Дефинира, прилагодува и имплементира бренд планови во согласност со стратегијата на компанијата
- Управува со проекти и активности за лансирање и модификација на производи
- Дефинирање и реализација на бренд комуникацијата на сите канали и настани, вклучувајќи и онлајн и социјални медиуми
- Соработува со тимот за продажбата со цел ефективно позиционирање на портфолиото на производи на компанијата на пазарот
- Подготвува извештаи за маркетинг активностите и нивните ефекти
- Ја координира договорената работа со агенциите и презема соодветни мерки и активности во случаи на отстапување од договореното
- Ја координира и управува работата на агенциите со цел добивање на креативни, комуникациски и медиумски концепти во согласност со компаниската стратегија
- Одобрува медија закуп во согласност со одобрениот буџет

Изборот на кандидатите ќе се направи по јасно утврдени критериуми, по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.

Ако сте заинтересирани и верувате дека ги исполнувате потребните услови, може да аплицирате на следниот ЛИНК најдоцна до 15.08.2022 година.